# З А П И С Н И К

**од 13-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на 26.08.2022 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 14 членови на Советот, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Отсутен беше советникот Лазар Ангелов.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 13-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог – Одлука за отпочнување со работа на објектот "Детелинка" во с.Јосифово кој е во состав на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка "Калинка" Валандово, Општина Валандово;
2. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2022 година до 30.06.2022 година;
3. Предлог – Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година;
4. Предлог – Одлука за одобрување на еднократна парична помош на лицата со попреченост на подрачјето на Општина Валандово;
5. Предлог - План за измена на планот за вработување на Општина Валандово за 2022 година;
6. Годишен план за вработување на Општина Валандово за 2023 година;
7. Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2022 година;
8. Полугодишен финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година;
9. Годишен план за вработување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 година;
10. Предлог – Одлука за одобрување средства на ЈП "Комунален Сервис" Валандово за дислокација и изведба на главен цевковод на водоводната линија во град Валандово;
11. Годишен извештај за работа на ООУ"Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2021/2022 година;
12. Годишна Програма за работа на ООУЈосип Броз Тито" Валандово за учебната 2022/2023 година;
13. Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2023 година;
14. Годишен извештај за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Јосифово за учебната 2021/2022 година;
15. Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за учебната 2022/2023 година;
16. Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово Валандово за 2023 година;
17. Правилник за систематизација на работни места во ЈОУДГ „Калинка" Валандово;
18. Правилник за организација на работни места во ЈОУДГ „Калинка" Валандово;
19. Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2023 година;
20. Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2023 година;
21. Предлог - Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев" Валандово за учебната 2022/2023 година;

22. Годишен план за вработување на ЈОУ Дом на култура „25 Мај" Валандово за 2023 година;

23. Предлог – Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2022 година;

24. Предлог – Програма за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2022 година;

25. Предлог – Одлука за определување на имиња на улици во град Валандово;

26. Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово;

27. Предлог – Одлука за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на традиционален меморијален рок концерт "ЦАЛЕ 2022" во с.Јосифово;

28. Предлог – Одлука за финансиска поддршка за реализација на спортската манифестација турнир во баскет 3х3 во Валандово;

29. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска помош за покривање на трошоци за лекување во странство;

Беше отворена расправа по дневниот ред.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и едногласно со 14 гласа ЗА беше изгласан.

Пред да се пристапи кон работа по дневниот ред беше отворена расправа по записникот од 12- тата редовна седница на Советот

Никој не се јави за збор па истиот беше ставен на гласање изгласан едногласно со 14 гласа ЗА .

ТОЧКА 1

По Предлог Одлуката за отпочнување со работа на објектот "Детелинка" во с.Јосифово кој е во состав на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка "Калинка" Валандово, Општина Валандово, образложение имаше градоначалникот на Општина Валандово Перо Костадинов. Рече дека со оваа Одлука се дава согласност за отпочнување со работа на еден капитален објект кој е направен по сите стандарди, енергетски ефикасен во време на голема енергетска криза и се надева дека сите советници ќе гласаат за него, а не како советниците од ВМРО ДПМНЕ од претходниот мандат кои ја напуштија седницата и не гласаа за отварањето на градинката во с.Брајковци.

Тоше Тодоров се јави за збор. Рече дека ја поздравува одлуката за отпочнување со работа на градинката по позитивното мислење на МТСП и се надева дека изведувачот и надзорот добро си ја завршиле работата и во иднина нема да ги гледаме истите слики како градинката во Валандово, кога неодамна реновираниот објект беше поплавен.

Градоначалникот зема збор. Рече дека интересно е ова позитивно мислење и дека не го изненадува тоа. Додаде дека не би дошло до носењето на овие одлуки доколку надзорот не дал позитивно мислење и му порача на советникот Тоше Тодоров неговото позитивното мислење да си го задржи за себе, бидејќи со тоа „но" што го додава за тоа што може да се случи во иднина, дава до знаење дека не може да преживее една убава работа што и се случува на Општината.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог Одлуката за отпочнување со работа на објектот"Детелинка" во с.Јосифово беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 2

По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2022 година до 30.06.2022 годин, детално образложение даде раководителката на одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова - Јорданова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. До раководителката на одделението упати прашање, зошто во образложението во програмата К2 стои дека има износ од 2.000.000 денари неподмирени обврски, во капиталните расходи има 8% или 457 000 денари, но тоа се инвестиции реализирани минатата година, а се плаќаат оваа година. Дали оваа година има некаква инвестиција бидејќи улиците: Јосиф Јосифовски, Г.Маала и Крушевска претходно се реализирани. Праша дали има дополнителни обврски кои не се платени, дали ќе бидат реализирани тротоарите на улицата Моша Пијаде кои беа најавени, спроведени се две постапки за јавна набавки, а нема ништо нема на повидок.

Градоначалникот одговори дека опозицијата секогаш се труди да ја претстави Општина Валандово како општина која има многу неплатени обврски, но тој тврди дека неплатени обврски има само за улиците во Пирава и Дедели и тоа ќе биде платено во текот на наредната недела. Ребалансот кој се носи во моментот е поради енергетската криза, за општината подобро да се подготви за претстојната зима. Инвестициите кои беа планирани за наредниот период, како фудбалското игралиште во с. Пирава и инклузивното игралиште во Валандово кое се прави на иницијатива на Здружението „Исчекор“ и со поддршка на Германската амбасада, кога ќе се завршат сите активности општината ќе ги подмири обврските. На прашањето дали општината има инвестиции, одговорот е дека никогаш не престанала со инвестициите и се труди да го искористи секој канал за добивање на дополнителни средства. На сите прашања кои сега ги поставивте и праќавте меилови, одговорено ви е, се е транспарентно и јавно и нема потреба да се прашува. Во секој еден момент може да дојдете во општината и чувствувајте ја општината како своја. Голем дел од прашањата што се поставени веќе се одговорени, се е јавно и транспарентно: Тротоарите на улицата ,,Моша Пијаде,,ќе се реализёира,т но со задоцнување поради тоа што се одеше на втора јавна набавка, сега е склучен договор и ќе се реализира набавката во наредниот период. Реализацијата е двострана, едното се однесува на капиталните приходи, а другото на капиталните расходи. Министерството за транспорт и врски има одобрено 800 000,оо евра кои досега не се искористени бидејќи Општината од сопствени средства ги градеше улиците и сега истите ќе се искористат за улици во Јосифово, Г.Маала и Валандово (кај пекарата на Биоприн). Рече дека Општината нема намера да застане со градењето, иако опозицијата се труди да го прикаже спротивното.

Претседателот на Советот Владимир Марков зема збор. Рече дека некои прашања не заслужуваат одговор. Рече дека со фактот што Општина Валандово е прогласена за најтарнспарентна општина кажува дека сите работи се јавни и објавени. Од опозицијата се настојува општината да се прикаже во друго светло. Во време на енергетска криза ликвидноста на општината е од суштинско значење, а не да се гради и да се западне во долгови. Рече дека намерите не се добронамерни и се се прави да се прикаже како нешто да се крие и дека доколку има нејаснотии треба за тоа да се дискутира на комисиите, пред Советот, а не на Комисиите се молчи и ништо не се спомнува, за на Совет да се дискутира и граѓаните да се доведат во заблуда.

Јулија Тушевска се јави за контра реплика и рече дека тоа што прашуваат не е во насока на тоа да се види колку Општината е транспарентна, рече дека таа не навредила никој и добива впечаток дека ним им е криво кога некој поставува прашање и прашува каде и дали ќе се гради. Ако некое прашање се постави стопати треба да се одговори стопати. Во нашата општина се инвестира во градење на улици и патишта, градинки и слично, но нема никакви инвестиции кои ќе отворат нови работни места за граѓаните, за младите да се вработуваат. Рече дека се губи време за да објасни колку прашања се поставени, дали некој сака замка да постави. Напомена дека никој не сака да постави замка туку на прашањата кои се поставени да се одговори , а не за 10 минути се да се изгласа. Мора да се разговара и во конструктивен разговор да се разјасни се.

Тоше Тодоров се јави за збор. Рече дека не е во ред тоа што го изјавува претседателот на Советот дека некои прашања не заслужуваат одговор. Рече дека советниците се тука за да слушнат граѓаните за што се работи и ако сме транспарентни, да бидеме транспарентни до крај. Не е проблем ако нешто се праша и да се повторува. Па иако прашањата се повторуваат, треба

да се даде одговор бидејќи граѓаните треба да знаат каде се трошат општинските пари. Зошто мора да се пристапува со таков тон и да се гледа да се извлечат поени секогаш некој да биде во право.

Градоначалникот одговори дека граѓаните знаат каде се трошат општинските пари. Рече дека како опозиција можете да поставувате прашања колку што сакате, но се е јавно објавено и граѓаните имаат можност да видат. Рече дека секогаш ќе реагира бурно кога некој сака да ја оцрни општината. Не треба да се заборави дека се наоѓаме во енергетска криза, на која и претходеше здравствена криза, а пред 5 години постоеше опасност општината да биде рударска општина.

Претседателот на Советот Владимир Марков зема збор. Рече дека 200 000 сами по себе се големи пари, но во реализацијата на буџет од 100 000 000 денари се само 2% од вкупниот буџет и не претставуваат големи средства за да се прикаже општината како презадолжена. Апелираше во иднина да се користат комисиите да се разјасјуваат работите и сфаќа дека се настапува така за да се поентира политички, но тој смета дека на Советот треба да се презентираат вистинските податоци и да се запознаат граѓаните со вистинската состојба. За тоа што се зборува дека во Општината нема инвестиции рече дека не е вистина. Во Општината се инвестира и има такви компании кои и во услови на криза го зголемуваат својот обем на работа и вработуваат нови луѓе и отвараат нови работни места

Немаше други пријавено за дискусија па. Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно), за квартал 01.01.2022 година до 30.06.2022 година, беше ставен на гласање и усвоен, со 8 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, градоначалникот на општината Перо Костадинов даде образложение дека измените кои се направени за износ од околу 6 000 000 денари, се за справување со енергетската криза која ни претстои. Наведе дека во нормално време за улично осветлување се трошеше 600-800 000 денари, со промената на уличното осветлување во општината, износот се намали на 200-300 000 денари, додека сега во јули износот е над 1 000 000 денари, а нова цена стапува на сила од денес. За првпат се издвојуваат средства од Буџетот за нова мерка за финансиска поддршка на лица со попреченост, се склучуваат нови договори за Фолк Фест, за Валандово - град на културата и генерално сите овие прилагодувања се прават за подобро справување со енергетската криза и не е исклучено да до крајот на годината се направи нов ребаланс.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог – Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Предлог –Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на лицата со попреченост во Општина Валандово повторно образложение даде градоначалникот. Ја искористи приликата да им се заблагодари на сите чинители кои работеа на собирањето на податоците за да се направи оваа одлука со која сите лица со тешка и длабока попреченост( телесна и ментална) им се одобрува еднократен паричен надомест од 20 000 денари. Ќе се формира комисија која ќе ги разгледува барањата и ќе одлучува по нив. Рече дека во наредниот период ќе се донесат нови други одлуки за некои други категории на граѓани да бидат субвенционирани од општината (како на пример самохрани родители ) и ќе бидат значајни за граѓаните во овие моменти на економска криза.

Тоше Тодоров се јави за збор. Рече дека Одлуката е во ред, и сигурно веќе општината има направено некоја сондажа, па праша и сака да знае за колку лица се работи и колку средства ќе се зафатат од Буџетот за оваа намена..

Градоначалникот одговори дека веќе е објавено дека се работи за износ од 1 600 000 денари, пресметано од податоците кои се добиени од Центарот за социјални работи. Овие средства би биле доволни да ги опфатат сите граѓани, но ќе се почекаат граѓаните да поднесат барање, па ќе се разгледуваат.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог – Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на лицата со попреченост во Општина Валандово, беше ставена на гласање и беше изгласана едногласно со14 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог – Планот за измена на планот за вработување на Општина Валандово за 2022 година, немаше пријавено за дискусија, па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА , 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 6

По Предлог – Планот за вработување на Општина Валандово за 2023 година немаше пријавено за дискусија па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2022 година, немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 8

По Полугодишниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година, образложение имаше директорката на ЈП „Комунален сервис" Валандово Емилија Заева Костова .

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Ја праша директорката дали мисли дека претпријатието е во добра финансиска состојба ?

Одговорот на директорката беше дека добра финансиска состојба не можеме да бараме од јавно комунално претпријатие, бидејќи тоа не е направено да остварува профит туку да дава услуги на граѓаните и да работи за доброто на граѓаните.

Јулија Тушевска се јави за контра реплика. Забележа дека од информациите кои ги имаат добиено од Кварталниот извештај, може да се види дека најголем дел од средствата одат за плати 73 % и заедно со струјата одат околу 83%. Рече дека на 31.12.2017 година, пред 5 години претпријатието имаше долг 8 414 000,оо денари, а сега има долг 21 361 000,00 денари и праша дали тоа се должи на недомаќинското работење за последните 5 години. Овие податоци се загрижувачки. Рече дека точно е тоа дека работењето на претпријатието неможе да биде профитабилно, но смета дека треба да биде одржливо.

Директорката Емилија Заева Костова појасни дека неспоредлив е самиот период. Пред 5 години ЈП „Комунален сервис" имаше ингеренции само за стопанисување со градскиот водовод и системот во с. Јосифово. Од 2018 година наваму превземени се водоводите на регионот Бојмија и од 2019 и Удово, па рече дека се чуди од каде таа загуба и долгот од 8 000 000,оо денари.Тоа е голем долг за тоа време, за тие ингеренции, за тие трошоци, за тие износи на плата и електрична енергија, овој долг не требало да го има..Рече дека ЈП со долговите се справува сосема коректно, потпишана е спогодба со ЕВН и истиот се плаќа на рати и не е прескокната ниедна рата, спогодба има потпишано и со ЕСМ чие салдо се влече од 2017 година. ЈП Комунален сервис работи домаќински, но не е створено да прави профит, туку да дава услуги на граѓаните. Долгот е направен бидејќи цената на електричната енергија тогаш беше 3,54 денари за киловат час, додека сега е 14 денари за киловат час. Минималната плата беше 8 800,оо денари додека сега е

18 500,оо денари, и затоа овие два периоди не можат да се споредат. Во 2017 година за месечна бруто плата на ЈП биле доволни 650 000,оо денари , додека сега се потребни 1 750 000,оо денари. Ако се разгледа Кварталниот извештај, може да се забележи дека сите ставки каде што има трошење се намалени и оттука се гледа домаќинското работење на ЈП, но тоа е капка во морето. И уште еднаш повтори дека јавните претпријатија не се основани да остваруваат профит туку да даваат услуги на граѓаните.

Претседателот на Советот Владимир Марков зема збор. И тој потврди дека ЈП не е основано да остварува профит.Тој даде едно опширно негово излагање и анализа на податоците и периодите . Во 2017 година цената на електричната енергија беше 3-4 денари за киловат час, додека сега е 14 денари за киловат час. Минималната плата беше 9 000,оо денари додека сега е 18 000,оо сега и најголем дел од средствата на јавните комунални претпријатија се за плати и електрична енергија. И рече дека не е во ред сега да се напаѓа дека ЈП работи со загуби, а кога треба и минимално да се покачи цената на услугите на ЈП се гласа против со цел да се поентира политички. На ЈП им се наметнуваат обврски за превземање, а не се поддржуваат кога треба да ја зголеми цената за нивните услуги. Граѓаните треба да знаат дека комуналните услуги мора да се покачуваат, но тоа се прави минимално за да не се почувствува многу. Ако сакаме ЈП да ни опстојат и добро да си ја вршат работата треба да ги поддржуваме и доколку не ги испорачуваат услугите добро, граѓаните и градовите ќе се најдат во ѓубре. Рече дека мораме да донесеме сите заедничка одлука со која ќе ги поддржеме комуналните претпријатија за да останат ликвидни за да можат да ги сервисират нивните услуги и да имаме чиста и квалитетна вода за пиење. Рече дека ова не е тема каде треба да се собираат политички поени, туку сите треба да дадеме придонес ЈП да опстане и да продолжи да дава услуги на граѓаните на Општината.

Тоше Тодоров се јави за збор. Рече дека тоа е ЈП не се профитабилни, но треба да бидат ликвидни.Треба да имаат свои средства кога треба да завршат некој обврска. Сега имаме точка на дневен ред со која се бара од Општината одобрување на средства од 50 % за извршување на услуга на ЈП која била превземана во минатото со потпишани правни акти. Доколку ЈП имаше средства би успеало да ги заврши овие услуги без општината. Со ова финансиско работење во првиот квартал беше прикажана добивка од 50.000 денари. Таа добивка била исфингирана. Возилата кои како донација општината ги отстапи на ЈП се фактурирани како приходи на ЈП. Рече дека знае дека истите не се продадени и се водат како основни средства за работа. Не може да се каже дека во изминатиот период ЈП е на позитивна 0, бидејќи има постојано зголемување на долгот и тоа со солидна наплата од околу 86-90%. Тоа што постојано се потенцира дека опозицијата била против покачување на цените треба да се појасни дека беше против начинот на кој се покачуваа цените. Регулаторната комисија одреди колку да се покачи цената, а ЈП не достави ниту барање ниту Одлука од регулаторната комисија за покачување на цените, Затоа опозицијата беше против. Беше кажано дека Валандово плаќа најниска цена на вода за која рече дека тој не верува .Побара да се достави извештај од југоисточниот регион и да се види која од општините плаќа највисока цена и дека би сакал да види сметки од други општини и смета дека Валандово е на врвот.

Градоначалникот зема збор. Рече дека ние сите имаме задача да ги подобруваме услугите на граѓаните, а општината има задача и надлежност да им помага на институциите и тоа не само тие што се основани од неа туку и другите. Не треба да заборавиме дека со превземањето на населените места се зголемуваат и издатоците. За доставување на цените од другите општини му се обрати на советникот дека, не некој друг да ги набави, туку сами треба да си набават и да ги донесат на наредната седница за споредување. Рече дека и градоначалниците во другите општини од ВМРО ДПМНЕ имаат енормно високи сметки за електрична енергија. Затоа рече дека треба и тие да го вклучат алармот за надминување на состојбата, а не само да крититкуваат и кога ќе заврне дожд да излегуваат на терен.

Директорката Емилија Заева Костова повторно даде појаснување и рече дека завршило времето на фингирањето на извештаите во ЈП Комунален сервис и сега се почитуваат сите сметководствени правила и тоа се доставува до сите советници.

Претседателот на Советот Владимир Марков зема збор и му се обрати на советникот Тоше Тодоров. Рече дека ако тврди дека има фингирање на податоци во ЈП, тоа значи се прави криминал и треба да се отвори постапка за одговорноста на вработениот сметководител, а со оглед на тоа што тој не е сметководител не можете да дискутирате за нешто што е направено по меѓународните сметководствените стандарди. За тоа дека Валандово има највисока цена на водата се пласираат дезинформации и тоа не е во ред.

Немаше други пријавено за дискусија па Полугодишен финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ. Валентина Јанева како вработена во ЈП Комунален сервис беше изземена од гласањето.

ТОЧКА 9

По Годишниот план за вработување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 година немаше пријавено за дискусија, па истиот беше ставен на гласање и беше изгласан со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.Валентина Јанева повторно беше изземена од гласањето.

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлуката за одобрување средства на ЈП "Комунален Сервис" Валандово за дислокација и изведба на главен цевковод на водоводната линија во град Валандово, беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека претседателот не смее да кажува дали некој е економист и спермен да анализира по извештајот на ЈП Комунален сервис. Рече дека тој се однесува некоректно. Рече дека таа прашала дали сето ова што се прави е правно издржано, дали е опфатено едно лице, дали се работи само за една парцела, бидејќи во законот стои дека реконструкција или доградба врши самиот инвеститор.

Градоначалникот даде појаснување дека основач на ЈП Комунален сервис е општината. Оваа активност на ЈП не му беше планирана и ова е наметната состојба. Сопствениците на парцелата имаа документ од пред 2001 година, издаден од КП Комунален сервис во кој стои дека доколку на инвеститорот му пречи оваа линија, ЈП ќе има обврска истата да ја дислоцира. Земајќи го ова во предвид заедно со ЈП Комунален сервис се донесе оваа одлука за сносување на трошоците за дислокација. Тоа мора да се направи бидејќи ОВ и со ДУП и со ГУП ќе добие нова населба. Нагласи дека смета дека треба да им се помага на граѓаните без оглед на припадноста.

Јулија Тушевска се јави за реплика и рече дека ова се коси со член 12 од Законот во кој стои дека инвеститирот треба да си ги сноси сам трошоците.

Претседателот на Советот Владимир Марков реплицираше на советничката Јулија Тушевска. Рече дека таа требало да се јави процедурално по неговото излагање, а не да дискутира по друга точка и рече дека нејзиното сметководствено анализирање изгледа смешно и не треба да се наведуваат граѓаните дека се прави нешто криминално. И повторно праша што е погрешно, дали постапката или начинот. Рече дека се превземало обврска од некој директор пред 20 години и ние тоа треба да го испочитуваме и да му излеземе во пресрет на семејството.

Градоначалникот зема збор. Рече дека едно е приклучок за вода кога ќе се направи градбата, но овде не може да се отпочне со градба. Со донесувањето на ДУП треба да се створат услови таа населба да се развива. Нагласи дека оваа одлука е важна за идниот развој на Општината и по уште една проверката на целата документација ќе се спроведе постапка за јавна набавка за изведувач на работите и ќе се разреши проблемот. Рече дека сите ја знаеме финансиската состојба на ЈП и треба сега да му се помогне.

Немаше друг пријавено за дискусија па Предлог–Одлука за одобрување средства на ЈП "Комунален Сервис" Валандово за дислокација и изведба на главен цевковод на водоводната линија во град Валандово беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 4 ВОЗДРЖАНИ.

Валентина Јанева   беше изземена од гласањето.

ТОЧКА 11

По Годишниот Извештај за работата на  ООУ „Јосип Броз Тито“ за  учебната  2021/2022 година, немаше пријавено за дискусија,  па истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 13 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ  и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Јулија Тушевска како вработена во ООУ  беше изземена од гласање.

ТОЧКА  12

По Годишната Програма  за работата на  ООУ „Јосип Броз Тито“ за  учебната  2022/2023 година, немаше пријавено за дискусија,  па истата  беше ставен на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ  и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Јулија Тушевска повторно  беше изземена од гласање.

ТОЧКА 13

По Годишниот План за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово  за 2023 година, немаше пријавено за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан со 11 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

Јулија Тушевска  беше изземена од гласање.

ТОЧКА 14

По Годишниот Извештај за работата на  ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифовво, за  учебната 2021/22 година,   немаше пријавено за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ  и 0  ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 15

По Годишната Програма  за  работата на  ООУ Страшо Пинџур“, Јосифовво, за  учебната 2022/23  година, немаше пријавено за дискусија,  па истата  беше ставена  на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 16

По Годишниот План за вработување на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово  за 2023 година, немаше пријавено за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан со 11 гласа ЗА, 2 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 17

По  Правилникот за систематизацијата на работните места во ЈОУДГ „Калинка“ Валандово беше дадено образложение од директорката на градинката Марија Занова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за дискусија па Правилникот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 18

По  Правилникот за организацијата на работните места во ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, повторно излагање имаше директорката на градинката Марија Занова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за дискусија, па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 10 гласа ЗА, 2 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 19

По Годишниот План за вработување на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2023 година беше отворена расправа.

За збор се јави Анита Коцева.Ј а праша директорката за работното место кое е планирано, советник-секретар дали таа самата си врши унапредување од директор во секретар?

Директорката Марија Занова одговори дека ова е само план, а унапредување не може законски да се изврши на ваков начин.

Немаше други пријавено за дискусија, па Годишниот План за вработување на ЈОУДГ „Калинка“ за 2023 година, беше ставен на гласање и изгласан, со 9 гласа ЗА и 5 ПРОТИВ

ТОЧКА 20

По Годишниот План за вработување на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2023 година беше дадено образложение од ВД директорката на училиштето Ташка Гетова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 14 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 21

По Барњето мислење за добивање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од законски предвидениот рок, по добиеното позитивно мислење од Министерството за образование и наука, немаше пријавено за дискусија и истото беше ставено на гласање и изгласано едногласно, со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 22

По Годишниот План за вработување на ЈОУ,,25 -ти Мај ,, Валандово за 2023 година беше дадено образложение од ВД директорот Дејан Исиров.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 23

По Предлог – Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2022 година, немаше пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа, ЗА 0 ВОЗДРЖАНИ и 0 ПРОТИВ.

ТОЧКА 24

По Предлог - Програмата за дополнување на Програмата за урбана опрема за 2023 година немаше пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 1 ВОЗДРЖАН и 3 ПРОТИВ.

ТОЧКА25

По Предлогот за давање на имиња на улици во Општина Валандово беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека досега во државата не било пракса да се даваат имиња на улици со број, и тој смета дека треба да се дадат имиња на истакнати личности.

Стефан Димитров, даде појаснување дека се работи за временска ограниченост, за да не се спречат граѓаните да отпочнат со градење. Сега се носат овие предлози за именување со броеви, бидејќи за имиња на улици треба да се бара согласност од Владата, а тоа ќе се направи подоцна.

Немаше други пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа, ЗА 0 ВОЗДРЖАН и 0 ПРОТИВ.

ТОЧКА 26

По Предлог Одлуката за продолжување на работното време за два часа, во деновите 27-ми и 28 -ми Август, немаше никој пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 27

По Предлог – Одлуката за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на традиционален меморијален рок концерт "ЦАЛЕ 2022" во с.Јосифово во износ од 30 000 денари, немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 28

По Предлог – Одлуката за финансиска поддршка за реализација на спортската манифестација турнир во баскет 3х3 во Валандово во износ од 60 000 денари, немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 29

По Предлог – Одлуката за одобрување на финансиска помош за покривање на трошоци за лекување во странство во износ од 60 000 денари, немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

Со оваа точка целосно беше исцрпен дневниот ред , па се премина на

## СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

<u>Јулија Тушевска</u>

1. Пензионерите од Пирава прашуваат зошто не се почитува донесената Одлука за отстапување на просторијата за собирање на пензионерите во с. Пирава, бидејќи веќе 1,5 година истата ја користи Водната заедница. Бравата е сменета и е оневозможено на пензионерите да ја користат. Додаде дека таму има две простории кои се доволни и за нив и за МЗ.

- Градоначалникот одговори дека општината е запознаена со состојбата и се прават напори да им се излезе во пресрет и на двете друштва, бидејќи има простор и за двете.во наредниот период рече дека ќе се разговара за надминување на сосотојбата.

<u>Аспарух Москов</u>

1. Кој ги разгледува барањата кои се доставени до општината и кој одлучува по кој редослед ќе се разгледуваат на Совет? Како за пример наведе дека ФК Младост од Удово има доставено барање од 12.04.2022 година, Пензионерите од Удово имаат доставено на 14.04.2022 година и сеуште не се ставени на дневен ред, додека барањето за "ЦАЛЕ 2022" во с.Јосифово е доставено во август и веќе е на дневен ред.

2. Беше кажано дека со новиот систем Вардарска долина ќе има 100 % вода за наводнување, а сега се виде дека нема ни 30 %.

- Градоначалникот одговори дека Општина Валандово ги разгледува сите пристигнати барања до Советот и на сите барања се труди да им одговори позитивно. За ФК „Младост“ Удово рече барањето е разгледано и дека во тек се преговорите за тоа колку ќе им се одобри.

Аспарух Москов одговори дека не е задоволен од одговорот.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков